# СЛУЖБЕ Н  Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Крива Паланка<br>Издавач : Општина Крива Паланка<br>Излегува по потреба | Број 3<br><br>14.02.2024 | Гласникот е бесплатен |

Врз основа на член 22 став (1) точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 7 став( 3) од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и член 14 став (1) точка 10 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23 и 14/23), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 13.02.2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година**

1. Во Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година бр.09-5620/11 од 07.12.2023 година во глава II-АКТИВНОСТИ во точката 2-Поддршка на годишни програми и проекти на здруженија на граѓани од областа на културата, во табелата под реден број3 износот „200.000“ се заменува со износот „400.000“.

2. Во глава II-АКТИВНОСТИ во точката 3-Други активности и оперативни трошоци, во табелата под реден број 1зборот „химна“ се заменува со зборовите „официјална песна“.

3. Во глава II-АКТИВНОСТИ по точката 3-Други активности и оперативни трошоци, се додава нова точка 4 која гласи:

**„4. Активности од манифестацијата КРИВА ПАЛАНКА ГРАД НА КУЛТУРАТА 2024 година поддржани од Министерството за култура**

| | | |
|---|---|---|
| **ОСВНА ПРОГРАМА** | | |
| **МАРТ** | | |
| 1 | КРИВА ПАЛАНКА ГРАД НА КУЛТУРАТА – СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ | **Март** |
| | Свечено отворање на манифестацијата КРИВА ПАЛАНКА – ГРАД НА КУЛТУРАТА со **целовечерен концерт** со наслов „МАКЕДОНСКО ДЕВОЈЧЕ“ на Каролина Гочева и бендот под раководство на Николче Мицевски. Во рамките на отворањето предвидени ќе бидат и **свечени говори** на Министерот за култура и градоначалникот на општина Крива Паланка.<br>**Локација:** НУ Центар за култура | 600.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Носител:** Општина Крива Паланка<br>**Партнери:** НУ Центар за Култура и ЛУ Градски Музеј | |
| 2 | ОРАТА КОПАТА – маскембал и огнено шоу | **Март** |
| | Организација на првото издание на манифестацијата ОРАТА КОПАТА **маскембал** во градот (заради заживување на згаснатата градска традиција на маскирање по повод празникот ПРОЧКА. Настанот ќе биде еднодневнен, ќе биде организирана централна бина и програма, ќе има избор на најдобра поединечна и групна маска. Настанот ќе биде збогатен со учество на групата ПАЉАЧИ од град Варна. Р. Бугарија кои ќе изведат **огнено и светлечко шоу** како симболична и ритуална претстава на палењето СУСУРИГА по повод овој празник<br>**Локација:** Градски плоштад<br>**Носител:** Општина Крива Паланка<br>**Партнер:** НУ Центар за Култура и ЛУ Градски Музеј | 150.000 |
| **АПРИЛ** | | |
| 3 | ПАЛАНЕЧКИ ДРАМИ - промоција на книги | **Април** |
| | Кривопаланечката театарска сцена располага со два драмски текста на Страхил Алексиќ, долгогодишен учител, предагог, писател и член на староградското друштво. Драмските текстови на Алексиќ, кои ги носат следните наслови: *„Ожењи се Санде Калаџија“* и *„Најефтината Свадба“* ќе бидат обработени, уредени, лекторирани и отпечатени во вид на две книги во соработка со двете градски културни установи, и ќе биде организирана свечена **промоција на две книги /драми.**<br>**Локација:** НУ Центар за култура<br>**Носител:** НУ Центар за култура<br>**Партнер:** ЛУ Градски Музеј | 30.000<br>Кофинанс. |
| 4 | СТАРОГРАДСКО ДРУШТВО – 50 годишен јубилеј | **Април** |
| | Свечено одбележување на 50 годишниот јубилеј на староградското друштво од Крива Паланка со богата јубилејна програма која предвидува: изработка и печатење на јубилејна **книга-песнарка**, и организација на **пригоден концерт** со учество на музичкиот и пеачкиот ансамбл на КУЗ „Распеани Паланчани“ , Староградскиот состав при КУД „8-ми Октомври као гости од МКД и странство.<br>**Локација:** НУ Центар за култура<br>**Носител:** Општина Крива Паланка | 30.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Партнери:** КУЗ „Распеани Паланчани“, НУ Центар за Култура и ЛУ Градски Музеј | |
| **МАЈ** | | |
| 5 | ВЕЛИГДЕН – ретро шоу | **Мај** |
| | Организација на **ретро шоу на автомобили – олдтајмери** и збогатување на викенд програмата на посетителите и гостите на градот по повод Велигденските празници и во рамките на програмата на КПГК пригодна музичка програма со учество на **Олдтајмер клубот „Витези“ од Куманово.**<br><br>**Локација:** НУ Центар за култура<br>**Носител:** Општина Крива Паланка<br>**Партнер:** Клуб на олдтајмери - Скопје | 30.000 |
| 6 | СВ. ЈОАКИМ КРЧОВСКИ - одбележување | **Мај** |
| | Свечено одбележување на патрон празникот на училиштето Св. Јоаким Крчовски со организација на пригодна културно уметничка програма и со учество на учениците и секциите при училиштето. Одбележувањето на партон празникот во рамките на програмата на КПГК ќе биде збогатено со **целовечерен концерт** на хорска музика на **ЖЕНСКИ МЛАДИНСКИ ХОР** под раководство на маестро **Сашо Татарчевски** кој ќе изведе класични и црковни хорски дела.<br><br>**Локација:** Црква Св. Димитрија Кр. Паланка<br>**Носител:** Општина Крива Паланка<br>**Партнер:** ООУ „Св. Јоаким Крчовски“, НУ центар за култура и ЛУ Градски Музеј | 30.000 |
| 7 | СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ – одбележување | **Мај** |
| | Свечено одбележување на денот на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј со организација на богата свечена програма и доделување на наградите за најдобар просветен работник, и најдобар ученик. Одбелележувањето на празникот ќе биде збогатено со учество на ансамблот „МАКЕДОНИСИМО“ предводен од најпознатиот македонски пијанист Симон Трпчевски кои ќе изведат целовечерен концерт.<br><br>**Локација:** НУ Центар за култура<br>**Носител:** Општина Крива Паланка<br>**Партнери:** СОУ „Ѓорче Петров“, ООУ „Св. Јоаким Крчовски“ и ООУ „Илинден“; | 200.000 |

| | | |
|---|---|---|
| **ЈУНИ** | | |
| **КРИВОПАЛАНЕЧКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2024**<br><br>Организација на летната културна манифестација Кривопаланечко Културно лето 2024 со богати културни содржини од областа на музичко-сценската, ликовната, поетската, и драмската дејност. | | |
| 8 | Детски Фолклорен Фестивал „ПАЛАНЕЧКА ТРОЈКА“ | **1-30 Јуни** |
| | Организација на 3-от по ред Детски Фолклорен Фестивал „ПАЛАНЕЧКА ТРОЈКА“ со учество на детските состави на фоклорните друштва од градот како и нивните пријатели од МКД и странство кои ќе изведат **целовечерен концерт** на македонска изворна музика<br><br>**Локација:** Градски плоштад<br>**Носител:** НУ Центар за култура<br>**Партнери:** Општина Крива Паланка | 30.000<br><br>кофинанс |
| 9 | ЗВУКОТ НА УЛИЦАТА | / |
| | Организација на дневна и/или вечерна музичка програма со улични свирачи во рамките на манифестацијата КПКГ со учество на **Дарко Медарски** кои ќе изведат **уличен концерт / перформанс** на поп хитови.<br><br>**Локација:** Градски плоштад<br>**Носител:** НУ Центар за култура<br>**Партнери:** Општина Крива Паланка | 15.000<br><br>кофинанс |
| 10 | ДОВИДУВАЊЕ МАТУРАНТИ | / |
| | Организација на вечерна музичка програма со рејв музика за средношколците матуранти од нашиот град во рамките на манифестацијата КПКГ со учество на **Дарко Медарски** кои ќе одржи **целовечерен концерт** на рејв музика.<br><br>**Локација:** Градски плоштад<br>**Носител:** Општина Крива Паланка<br>**Партнери:** НУ центар за култура и СОУ „Ѓорче Петров“ | 15.000<br><br>кофинанс |
| 11 | МУЗИЧКИ ВЕЧЕРИ | |
| | Организација на летната музичка програма – музичка вечер во рамките на манифестацијата со учество на **АЛЕКСАНДРА ЈАНЕВА** и бенд кои ќе изведат **целовечерен концерт** на поп –рок музика.<br><br>**Локација:** Градски плоштад | 60.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Носител:** НУ Центар за култура<br>**Партнери:** Општина Крива Паланка | |
| 12 | ЧИТАМЕ МУЗИКА | / |
| | Организација на летна поетско - музичка вечер ЧИТАМЕ МУЗИКА во рамките на манифестацијата КПКЛ и програмата на КПГК со учество на десетина реномирани македонски современи поети и неколку македонски музичари: **Владимир Мартиновски, Андреј Ал-Асади, Павлина Атанасова, Николина Андова Шопова, Перица Сарџоски и Јулијана Величковска** ангажирани преку неформалната група **ПНВ Публикации** од Скопје под раководство на **Јулијана Величковска** кои ќе изведат **<u>целовечеренмузичко поетски перформанс</u>.**<br>**Локација:** Градски плоштад – летна сцена<br>**Носител:** ЛУ Градски музеј<br>**Партнери:** ПНВ Публикации Скопје и НУ Центар за култура | 15.000<br>кофинанс |
| 13 | ЛЕТНО КИНО | / |
| | Организација на летна кино програма – кино вечер во рамките на манифестацијата КПКЛ и програмата на КПГК со **<u>кино проекција</u>** на 1 (еден) детски анимиран филм во соработка со Константин Филм Скопје.<br>**Локација:** Градски плоштад – летна сцена<br>**Носител:** НУ Центар за култура<br>**Партнери:** општина Крива Паланка | 10.000 |
| **<u>ЈУЛИ</u>** | | |
| 14 | ОСОГОВСКИ СТАРОГРАДСКИ ВЕЧЕРИ | **1-31 Јули** |
| | Организација на традиционалната манифестација за староградска песна и музика со учество на реномирани културно уметнички друштва и староградски ансамбли од МКД и странство. На манифестацијата оваа година ќе бидат организирани **2 (две) фестивалски вечери**, а на втората вечер и во рамките на програмата на КПГК специјални гости ќе бидат изведувачите од **МИТАН Проектот** под раководство на **Мите Димовски** кои ќе изведат **<u>целовечерен концерт</u>**на македонска староградска музика.<br>**Локација:** Градски плоштад– летна сцена<br>**Носител:** НУ Центар за култура<br>**Партнери:** општина Крива Паланка и ЛУ Градски Музеј | 90.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 15 | ЗВУКОТ НА УЛИЦАТА | |
| | Организација на дневна и/или вечерна музичка програма со улични свирачи во рамките на манифестацијата КПКГ со учество на **Дарко Медарски** кои ќе изведат **улички концерт / перформанс** на поп хитови.<br><br>**Локација:** Градски плоштад<br>**Носител:** НУ Центар за култура<br>**Партнери:** Општина Крива Паланка | 15.000<br>кофинанс |
| 16 | ГИГА ФЕСТ 2024 | / |
| | Организација на 2-то издание на фестивалот за алтернативна музика и уметност. Фестивалот оваа година ќе биде организиран во 2 (две) фестивалски вечери, а на втората вечер и во рамките на програмата на КПГК специјални гости ќе бидат**АГНИ АВШАР СЕКСТЕТОТ** (вокал, пијано, перкусии, сакс, бас, гитара/втор вокал) со лид вокал **Лина Авшар** кои ќе изведат **целовечерен концерт** на џез преработки на познати македонски песни.<br><br>**Локација:** Градски плоштад – летна сцена<br>**Носител:** ЛУ Градски Музеј<br>**Партнери:** Здружение за рзвој на култура и уметност ГИГА Кр. Паланка | 40.000 |
| 17 | ПАЛАНЕЧКА РЕТРО МУЗИЧКА ВЕЧЕР | / |
| | Организација на **забавна музичка вечер** на ретро по рок музика од 70 - 80 тите години и создавање на забавен диско амбиент и атмосфера, со цел промоција на вистинските естетски и уметнички вредности на музиката и борба против шундот. На вечерта свое учество ќе земат познатите паланечки ДЈ од тоа време: **ДЈ Фигаро, Гано, Тоци, Мешко** и сл.<br><br>**Локација:** Градски плоштад– летна сцена<br>**Носител:** Општина Крива Паланка<br>**Партнери:** НУ Центар за Култура и ЛУ Градски Музеј | 30.000<br>кофинанс |
| 18 | МУЗИЧКА ВЕЧЕР | / |
| | Организација на летната музичка програма – музичка вечер во рамките на манифестацијата КПКЛ и програмата на КПГК со учество на **Елена Андоновска** и **група „СЕДЕНКА“** кои ќе изведат целовечерен концерт на изворна и новокомпонирана македонска песна.<br><br>**Локација:** Градски плоштад– летна сцена<br>**Носител:** НУ Центар за култура | 60.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Партнери:** општина Крива Паланка | |
| 19 | ЛЕТНО КИНО | / |
| | Организација на летна кино програма – кино вечер во рамките на манифестацијата КПКЛ и програмата на КПГК со **кино проекција** на 1 (еден) детски анимиран филм во соработка со Константин Филм Скопје.<br>**Локација:** Градски плоштад– летна сцена<br>**Носител:** НУ Центар за Култура<br>**Партнери:** Општина Крива Паланка | 10.000<br>кофинанс |
| 20 | ТЕАТАРСКА ВЕЧЕР – стенд ап | / |
| | Организација на летната театарска програма – театарска вечер во рамките на манифестацијата со учество на **Дејан Малзарков** и изведба на **стенд ап шоу „Митинг“.**<br>**Локација:** Градски плоштад– летна сцена<br>**Носител:** НУ Центар за Култура<br>**Партнери:** Општина Крива Паланка | 40.000 |
| **АВГУСТ** | | |
| 21 | ЗВУКОТ НА УЛИЦАТА | |
| | Организација на дневна и/или вечерна музичка програма со улични свирачи во рамките на манифестацијата КПКГ со учество на **ГРАНДЕ КАЈОН БЕНД** од Скопје кои ќе изведат **уличен концерт** на латино американски италијански и шпански поп хитови.<br>**Локација:** Градски плоштад<br>**Носител:** НУ Центар за култура<br>**Партнери:** Општина Крива Паланка | 25.000<br>кофинанс |
| 22 | МУЗИЧКА ВЕЧЕР | |
| | Организација на летната музичка програма – музичка вечер во рамките на манифестацијата КПКЛ и КПГК со учество на концепт / емисија „ЕДЕН БАКНЕЖ“**целовечерен концерт** на македонски евергрини изведувани од: **ЗЏМ Оркестарот од Скопје.** Водител на вечерта ќе биде **Ирена Спировска**, познато ТВ лице.<br>**Локација:** Градски плоштад– летна сцена<br>**Носител:** НУ Центар за Култура | 40.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Партнери:** Општина Крива Паланка | |
| 23 | ТЕАТАРСКА ВЕЧЕР – стенд ап | / |
| | Организација на летната театарска програма – театарска вечер во рамките на манифестацијата со учество на **Сашко Коцев** и изведба на **стенд ап шоу„ДЕТОКСИФИКАЦИЈА“**<br><br>**Локација:** Градски плоштад– летна сцена<br>**Носител:** НУ Центар за Култура<br>**Партнери:** Општина Крива Паланка | 40.000 |
| 24 | ЛЕТНО КИНО | / |
| | Организација на летна кино програма – кино вечер во рамките на манифестацијата КПКЛ и програмата на КПГК со **кино проекција** на 1 (еден) детски анимиран филм во соработка со Константин Филм Скопје.<br><br>**Локација:** Градски плоштад– летна сцена<br>**Носител:** НУ Центар за Култура<br>**Партнери:** Општина Крива Паланка | 10.000<br><br>кофинанс |
| 25 | ШОПСКО СЕЛО – фестивал за етнологија и фолклор | / |
| | Организација на 1-то издание на нова и комплексна фестивалска манифестација за етнологија и фолклор која ја нарековме ШОПСКО СЕЛО. Манифестацијата има за цел да ги обедини досега прикажуваните Фолклорен фестивал и фестивал на храна и истите да ги збогати и содржински да ги надогради заради создавање на заокружен туристички пакет. Фестивалот ќе се организира во очи на најголемото градско празнување „соборот“ на Св. Јоаким Осоговски. Манифестацијата ќе ги содржи следните компоненти: музичко-сценска фолклорна програма (ФОКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ **и целовечерен концерт „МАКЕДОНИЈО ВО СРЦЕ ТЕ НОСИМЕ** како дел од програмата на КПГК), **пазар на ракотворби**, изработки и локални специјалитети (РАЧНО, ДОМАШНО, ПАЛАНЕЧКО), дегустација на традиционална храна, како и продажба на локална храна, специјалитети и пијалоци (ПАНАЃУР), и жива **демонстрација (реконструкција) на етнолошки мотив „село“**со пазар од преродбенскиот период (секоја година ќе се менува мотивот) **со учество на пререодбенски клуб..**<br><br>Манифестацијата ќе биде дополнета и со следната програма:<br><br>**Локација:** Градски плоштад<br>**Носител:** Општина Крива Паланка | 650.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Партнери:** НУ Центар за Култура и ЛУ Градски Музеј | |
| **СЕПТЕМВРИ** | | |
| 26 | МЛК „СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“ 2024 | **Септември** |
| | Организација на 38-то издание на Меѓународната Ликовна Колонија „СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“ која традиционално се одржувува секоја година во месец септември. во Манастирот Св Јоаким Осоговски На колонијата се секоја година учествуваат помеѓу 10 и 15 автори од нашата држава, соседните држави и блискиот регион во рамките 5-7 дневно креативно творење. Овогодинешната колонија преку програмата КПГК ќе биде збогатен со изложба на еден од редовните учесници и членови на управниот одбор на колонијата македонскиот уметник **Стефан Хаџиниколов**. За авторот во музејот ќе биде организирана **самостојна изложба на дела**, и ќе биде испечатен пригоден **каталог**, а ќе биде организирано и свечено отворање.<br><br>**Локација:** Манастир Св. Јоаким осоговски и ЛУ Градски музеј<br>**Носител:** ЛУ Градски Музеј<br>**Партнери:** Здружение МТФ„Св. Јоаким Осоговски “ Кр. Паланка, општина Крива Паланка и НУ центар за култура | 15.000 |
| 27 | МТФ „СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“ 2024 | **Септември** |
| | Организација на 16-то издание на меѓународниот Театарски Фестивал „СВ. ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ“ кој традиционално се одржувува секоја година во месец септември. На фестивалот оваа година ќе се организираат 5-7 театарски претстави во 10-тина фестивалски денови. Овогодинешниот фестивал преку програмата КПГК ќе биде збогатен со учество на **театарскиот спектакл**: „Паника во Хотел Палас“ од Реј Куни и една **претстава за деца**: „Царевата Нова облека“ од Ханс Кристијан Андерсен во изведба на **НУЦК „Антон Панов“ Струмица.** Во промоцијата на театарските активности ќе биде вклучена реномираната ТВ водителка и актер **Теа Беговска**<br><br>**Локација:** НУ Центар за култура<br>**Носител:** Општина Крива Паланка<br>**Партнери:** Здружение МТФ„Св. Јоаким Осоговски “ Кр. Паланка и НУ центар за култура | 80.000 |
| **ОКТОМВРИ** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 28 | ЕСЕНСКИ МУЗИЧКИ ВИБРАЦИИ | **Октомври** |
| | Организација на 3-то издание на музичкиот фестивал ЕСЕНСКИ МУЗИЧКИ ВИБРАЦИИ кој презентира некомерцијален тип на музика пред кривопаланечката публика како што се класичната музика, хорска и црковна музика, џез и соул музиката и сл. Овогодинешниот фестивал преку програмата КПГК во својата програма ќе ги вклучи следните концерти:<br><br>**<u>Целовечерен концерт</u>** на италијанска музика со **Павле Камиловски**.<br><br>**<u>Целовечерен концерт</u>** со музика од Тоше Проески на **Камерен оркестар од Битола**. Алтеративно оркестар ROCKESTRA Битола<br><br>**<u>Целовечерен концерт</u>** – **опера „Царицата на чардашот“** од Имре Малман (или алтернативно оперна/оперетна програма) на **Камерната опера од Благоевград, Р. Бугарија.**<br><br>**Локација:** НУ Центар за култура<br>**Носител:** Општина Крива Паланка<br>**Партнери:** НУ Центар за култура и Центар за аудио-визуелни уметности Кр. Паланка | 540.000 |
| 29 | КРИВАПАЛАНКА ФИЛМ ФЕСТ | **Октовмри** |
| | Организација на 1-то издание на фестивалот за кино и видео продукција КРИВАПАЛАНКА ФИЛМ ФЕСТ. Фестивалот ќе се обиде пред криво-паланечката публика да го реафирмира одењето во кино и кино забавата преку организација на еднонеделен филмски фестивал на кој ќе бидат прикажани **<u>4 (четири) кино проекции</u>** на актуелни филмски хитови во вечерни термини, додека 1(еден) од нив ќе биде со детска тематика и ќе биде прикажан во дневен термин. Овогодинешниот фестивал во програмата на КПГК ќе биде организиран во соработнотка со **МИРАКС** од Скопје, а лице за промоција на фестивалот ќе биде **Миланка Рашиќ** долгогодишен филмски ТВ презентер.<br><br>**Локација:** НУ Центар за култура<br>**Носител:** НУ Центар за Култура<br>**Партнери:** Општина Крива Паланка | 30.000 |
| **<u>НОЕМВРИ</u>** | | |
| 30 | НАИВА / КРЕАТИВА | **Ноември** |

| | | |
|---|---|---|
| | Организација на првата групна **изложба** на мин.10 (десет) аматерски автори / сликари од градот кои самостојно и самоучки создаваат и творат како сликари, склуптори и резбари. Изложбата ќе биде организирана преку програмата КПГК во Градскиот музеј, а за нејзе ќе биде испечатен и пригоден **каталог**. Тенденцијата на изложбата е да стане традиционална и да се организира секоја година.<br><br>**Локација:** Градски музеј<br>**Носител:** ЛУ Градски Музеј<br>**Партнери:** општина Крива Паланка | 20.000 |
| 31 | КНИЖЕВНА ВЕЧЕР | |
| | Организација на подготовката за печатење, печатење и промоција на монографскиот труд **„Тумуларна некропола „Криво Крушче“ с. Отошница, Кривопаланечко“** од м-р Милан Митовски *археолог* и Цоне Крстевски *археолог* во рамките на програмата на КПГК. Промотор на изданието ќе биде Драган Величковски, директор на ЛУ Градски Музеј Крива Паланка.<br>**Локација:** Градски музеј<br>**Носител:** ЛУ Градски Музеј<br>**Партнери:** Општина Крива Паланка | 150.000<br><br>кофинанс |
| **ПРИДРУЖНА ПРОГРАМА** | | |
| **МАРТ** | | |
| 1 | ЈАВНА КАМПАЊА – донации | |
| | Крива Паланка е град којшто во минатото посветувал многу внимание на музичката култура. Градот основал нижо музичко училиште, а собранието на општината учествувало во набавка на сите музички инструменти на кои работеле тогашните секции. Денес, Крива Паланка е град кој посветува големо внимание на музичко-сценските изведби а за спроведување на истите најважен инструмент е концертниот клавир. За жал општината досега не успеала да набави солиден и концертно издржан инструмент – клавир, и затоа во рамките на програмата на КПГК ќе спроведеме голема **донаторска кампања** за собирање на средства за набавка на првиот концертен клавир во нашиот град. Кампањата ќе носи наслов **КОНЦЕРТЕН КЛАВИР ЗА ГРАДОТ НА КУЛТУРАТА** и во нејзина поддршка ќе се обидеме да ги анимираме познатите македонски пијанисти како Симон Трпчевски, Мимоза Ќека и др, како и кривопаланечките пијанисти Гордан Спасовски и Ангела Николовска. За кампањата ќе биде спроведена масовна медиумска промоција, а средства коишто ќе бидат собрени ќе бидат употребени за | 30.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | набавка на прviot концертен клавир за нашиот град. Истиот ќе биде отстапен на НУ Центар за култура и ќе се користи за сите музичко-сценски активности кои се одвиваат на сцената на оваа наша установа.<br>**Носител:** Општина Крива Паланка<br>**Партнер:** Фондација “Со срце за Крива Паланка“ Кр. Паланка | |
| **ЈУНИ** | | |
| 2 | ЈАВЕН КОНКУРС - архитектура | |
| | Крива Паланка како град располага со многу малку простори на којшто е презентирана кривопалначката визуелна уметност (сликарство, скултура, мозаик, мурал, графика и сл). За таа цел општината во рамките на програмата КПГК ќе распише **јавен конкурс** и ќе ги определи условите за **избор на идејно решение за презентација на кривопаланечката визуелна уметност (сликарство, скултура, мозаик, мурал, графика и сл) во јавниот простор** на локацијата во центарот на градот во кејот на Крива Река.<br>Конечното решение треба да биде на ниво на идеен проект, со визуелни фото и видео рендери за презентација.<br>За конкурсот ќе биде формирана Комисија која ќе изврши избор на најдоброто решение. По објавување на резултатите општината ќе пристапи кон разработка на плански и проектно-технички документи.<br>**Носител:** Општина Крива Паланка<br>**Партнери:** ЛУ Градски Музеј | 30.000 |
| **СЕПТЕМВРИ** | | |
| 3 | ЈАВЕН КОНКУРС – ликовна уметност | |
| | Крива Паланка како град кој има повеќе реномирани ликовни уметници (Димитар Стојчевски, Роберт Цветковски, Роберт Глигоров... скулптори, (Нела Стојчевска) графичари (Стефан Јакимовски, Стефан Младеновски) и резбари (Раде Костовски) кои се познати и признати на домашно и меѓународно ниво. Но градот, поточно установата во градот задолжена за чување и презентација на овој сегмент од културното наследство не располага со постојана збирка на дела од сите овие автори . Од тој аспект и во рамките на програмата на КПГК ќе биде распишан **јавен конкурс за откуп на дела** од локалните уметници. За конкурсот Во Градскиот музеј ќе биде формирана Комисија која ќе изврши селекција на делата кои ќе бидат откупени. Сите откупени дела ќе биде регистрирани во збирката за историја на уметност во Градскиот музеј и ќе бидат презентирани на посебна | 50.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | изложба во рамките на програмата.<br><br>**Носител:** ЛУ Градски музеј<br><br>**Партнери:** Општина Крива Паланка | |
| **ПОДДРШКА НА ПРОГРАМАТА** | | |
| | ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ | **01 Март –**<br><br>**31 Декември** |
| 1 | Носители на програмата на КПГК ќе бидат општина Крива Паланка и двете културни установи во градот: НУ центар за култура и ЛУ Градски Музеј Крива Паланка.<br><br>Промотивни активности за реклама на настаните од програмата КПГК ќе бидат промовирани на интернет и социјалните мрежи (Facebook, Instagram, You Tube и сл). преку користење на постоечките сопствени платформи; како и преку користење на заеднички интернет платформи за промоција (www.krivapalanka.gov.mkinfokulturakrivapalanka@gmail.com, Крива паланка, Култура и духовен развој и kultura_krivapalanka);<br><br>**Носител:** Општина Крива Паланка<br><br>**Партнери:** Здружение Центар за аудио-визуелни уметности Кр. Паланка | 25.000 |
| | НАБАВКА НА ТЕХНИЧКА ОПРЕМА | **01 Март –**<br><br>**31 Декември** |
| 2 | Носителите на програмата на КПГК во рамките на програмата ќе работат и на подобрување на техничката опременост (звук, светло, сцена) на НУ Центар за култура Кр. Паланка преку надградба на постоечкиот систем на техничка опрема како и набавка на нова техничка опрема за спроведување на музичко-сценски активности во единствената сала во градот;<br><br>**Носител:** НУ Центар за култура<br><br>**Партнери:** општина Крива Паланка | 150.000 |

**Напомена:**Општина Крива Паланка како носител на програмата КРИВА ПАЛАНКА ГРАД НА КУЛТУРАТА 2024 **го задржува правото за промена на распоредот** на предвидените активностите согласно укажани потреби **и/или промена на изведувачите** во зависност од нивните ангажмани, слободни термин и евентуални дополнителни услови за нивен настап.

| | **Извор на финансирање** | **Средства** |
|---|---|---|
| 1 | Министерство за култура | 3.200 0000 денари |
| 2 | Општина Крива Паланка | Кофинансирање обезбедено согласно Годишната програма за култура за 2024 |

4. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.09-732/3**
**13.02.2024 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**

**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 и 14/23), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Програма за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година**

1.Се објавува Програма за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година,што Советот ја донесе на вонредната седница, одржана на ден 13.02.2024 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –732/4**
**14.02.2024 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став ( 1) точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 29 став 1 од Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ “ бр. 61/04 ; 96/04 ; 67/07 ; 156/09 ; 47/11 ; 192/15 и 209/18 и Службен весник на РСМ бр. 244/19 ; 53/21 ; 77/21 и 150/21 и 173/22) , член 36 од Законот за Буџетите ( „ Службен весник на Република Македонија “ бр. 64/05 ; 04/08 ; 103/08 ; 156/09 ; 95/10 ; 180/11 ; 171/12 ; 192/15 и 167/16 и ( „ Службен весник на РСМ“ 151/21) , и член 14 став (1) точка 4 од Статутот на Општина Крива Паланка ( „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ бр. 08/10 ; 08/14 ; 02/18 ; 03/19 ; 08/21 , 01/2023,05/2023 и 14/2023 ) , Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 13 . 02 . 2024 година , донесе :

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ**
**НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2024 ГОДИНА**

**1.Општ дел**

**Член 1**

Буџетот на Општина **КРИВА ПАЛАНКА** за 2024 година , се состои од :

| | **БУЏЕТ** | **РЕБАЛАНС** |
|---|---|---|
| **I. Вкупно приходи** | **495.073.802** | **502.073.802** |
| Даночни приходи | 56.633.000 | 56.633.000 |
| Неданочни приходи | 17.290.000 | 17.290.000 |
| Капитални приходи | 43.651.171 | 43.651.171 |
| Приходи од дотации | 277.737.000 | 277.737.000 |
| Приходи од трансвери | 75.448.631 | 82.448.631 |
| Приходи од донации | 24.314.000 | 24.314.000 |
| **II. Вкупно расходи** | **517.809.000** | **628.745.941** |
| Од утврдени намени | 517.509.000 | 628.445.941 |
| Расходи од резерви | 300.000 | 300.000 |
| **III. Дефицит** | **- 22.735.198** | **- 126.672.139** |
| **IV. Финансирање** | **22.735.198** | **126.672.139** |
| **Прилив** | **27.735.198** | **139.212.139** |
| Домашни задолжувања0 | | 107.000.000 |
| Странски заеми | 0 | 0 |
| **Депозит** | **27.735.198** | **32.212.139** |
| **Одлив** | **5.000.000** | **12.540.000** |
| Отплата на главница | 5.000.000 | 12.540.000 |

**Член 2**

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи , а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи .

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Крива Паланка “ .

**Бр. 09–732/5**
**13.02. 2024 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска**

Врз основа на член 50, став (1), точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08 / 10 ; 08 / 14 , 02 / 18 ; 03/19 ; 08/21 ; 01/23 ;05/23 и 14/23), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година**

1.Се објавува Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година,што Советот ја донесе на вонредната седница, одржана на ден 12.01.2024 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –732/4**
**14.02.2024 година**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

**Ред.број** **С О Д Р Ж И Н А** **страна**

1.Програма за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година............................1

2.Заклучок за обкавување на Програма за измени и дополнување на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2024 година.........................................................................................................................15

3. Одлука за изменување и дополнување на Буџетотот на Општина Крива Паланка за 2024 година...........................................................................................................................16

4.Заклучок за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година.........................................................................................17